Општинска Народна Библиотека
БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ
Бр. 02-139/23
08. 10. 13
Радовиш

02-04
05. 10. 19

**ОПШТИНСКА НАРОДНА БИБЛИОТЕКА ,,БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" - РАДОВИШ**

Ул. ,,Илинденска" бр. 12
Р а д о в и ш

Телефон/e-mail, web:
директор : ++389 32 630 028
библиотека : ++389 32 635 027
e-mail: biblioteka@bibliotekaradovis.org.mk
direktor@bibliotekaradovis.org.mk
web: www.bibliotekaradovis.org.mk

Врз основа на член 77-ж став 1 од Законот за културата, в.д директорот на ОНБ„Браќа Миладиновци" Радовиш, согласно Одлуката за објавување на јавен оглас бр.02-139/1 од 10.09.2019 година за вработување на 3 (три) лица на неопределено време и јавниот оглас бр.04-139/2 објавен на 12.09.2019 година во средствата за јавно информирање, дневните весници „Вечер„, „Слободен печат„ и „Лајм„, на предлог на Комисијата за постапка за вработување бр.04-139/20 од 02.10.2019 година, на 08.10.2019 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

за избор

Член 1

Врз основа на објавениот оглас со бр. 04-139/2 за вработување на 3 (три) лица на неопределено време 2 лица даватели на јавни услуги и 1 (едно лице) библиотекарски помошник се избираат следните лчица и тоа:

1. За избор на 1(еден) давател на јавни услуги во културата, Стручен соработник за заштита на културно наследство – библиотекар, шифра КУЛ 0304 Д03 001 категорија Д, ниво Д-3, Сектор за библиотечно работење – Одделение за посебни книжевни фондови, високо образование или најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII1 степен, наука за книжевност, социологија и библиотекарство и документација, работно искуство до 1(една) година во струката, на неопределено време, **ИЗВРШЕН Е ИЗБОР И СЕ ЗАСНОВА** работен однос со кандидатот кој ги исполнува наведените услови:

   - Аце Евтимов

1. За избор на на 1(еден) давател на јавни услуги во културата, Стручен соработник за заштита на културно наследство – библиотекарски помошник, шифра КУЛ 0304 Ѓ02 005 категорија Ѓ, ниво Ѓ - 2 средно-гимназиски смер или најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII1 степен наука за книжевност, библиотекарство и документација, без работно искуство во струката, на неопределено време, **ИЗВРШЕН Е ИЗБОР И СЕ ЗАСНОВА** работен однос со кандидатот кој ги исполнуваат наведените услови:

   - Оливера Марчетиќ

Член 2

Одлуката стапува на сила по нејзината конечност.

Член 4

Одлуката за избор да се достави до кандидатите и да се објави на веб страната на библиотеката.

## Образложение

Општинската народна библиотека „Браќа Миладиновци" Радовиш, согласно Законот за културата, Законот за вработени во јавниот сектор и Законот за работни односи, а согласно Согласноста од Министерството за финансии бр.18 – 1780/2 од 05.02.2019 година, објави јавен оглас бр. 04 – 139/2 од 12.09.2019, во дневните весници „Вечер"„Слободен печат" и „Лајм„ за вработување на неопределно време за 4 (четири) лица даватели на услуги и тоа:

- 1 (едно) лице библиотекар, во Сектор за библиотечно работење– Одделение за позајмување и услуга,
- 1(едено) лице библиотекар во Сектор за библиотечно работење – Одделение за посебни книжевни фондови
- 1 (едно) лице библиотекарски помошник

Во врска со наведнеиот оглас в.д. директорот на Библиотеката со Решение формира Комисија за постапка за вработување. Комисијата ја спроведе постапката за вработување согласно Законот за културата и Правилникот за пополнување на работни места на даватели на услуги и помошно технички кадар во ОНБ „Браќа Миладиновци" Радовиш и изготви Записник со ранг листа на кандидати за вработување на горенаведените работни места и истата ја достави до в.д.директорот на Библиотеката за вршење на избор.
В.д директорот на библиотеката изврши избор за горенаведените работни места по објавениот оглас како во член 1 од диспозитивот на оваа Одлука, заради што се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8(осум) дена да поднесе жалба до Управниот одбор на установата.

В.Д. Директор
Иванка Соколова